Витомир Митевски

# ПАРАЛЕЛИ ХОМЕР – ПРЛИЧЕВ: ХОМЕРСКИ МОДЕЛИ И НИВНИТЕ ТРАНСФОРМАЦИИ

-фрагмент-

…

Во *Илијада*, пропаста на опседнатата и воено послаба Троја е означена со загинувањето на Хектор, нејзиниот прв и најмоќен заштитник. Тука едноставно послабиот губи, а посилииот триумфира. Во епот на Хомер доаѓа до израз космичката кратофанија. Во епот Прличев, непријателот пред Круја е многу посилен и поброен одошто нејзините бранители, па сепак победата е на страна на реално послабиот. Независно од забелешката дека Скендербеј и неговите сојузници ги краси поголема храброст, победата доаѓа (мошне видливо) како остварување на божјата замисла. Секако, божја замисла има и во *Илијада*, но хомерските богови се раководат од сосема различни принципи одошто Прличевиот христијански бог - заштитник на послабите онеправданите. Скендербеј е сосема свесен за тоа подеднакво како и за сопствената улога на божји избраник. Единствено така и можеме да ја дефинираме неговата мудрост. Издвоен од останатите учесници во борбата како „јунак пратен од бога“ (С. 3526), Скендербеј излегува од основните идејни рамки на својот хомерски прототип на бранител (заштитник) на своите, и се претвора во симбол на борец за христијанската идеја на Справедливост, На ова ниво, Прличев сосема го напушта својот антички образец, и се вклопува во концепцијата на некои можни парадигми на христијански определената епска традиција,

Во овој контекст може да биде сфатена и улогата на Балабан како истакнат противник на Скендербеј. Војсководачот на Турците не може да биде пандан на Хектор и покрај тоа што го краси епитетот μέγας (голем). Не може, пред сè, поради својата позиција на напаѓач и освојувач[1] . Но, не може да биде ниту Ахил, не само затоа што во двобојот со Скендербеј е поразениот (а не победник како Ахил над Хектор), туку и затоа што е определен како отпадник од христијанската вера и предавник на татковската земја (Албанија), на кои што според раѓањето им припаѓал. Балабан е „крвав“ и „свиреп“ паша. Хектор со своите противници честопати не бил понежен, па сепак Хомер не прави разлики на „свирепи“ и „благородни“ херои.

Во рамките на христијанската идеологија, Прличев ја прифаќа таквата дистинкција, па оттаму Балабан можеме да го сфатиме како божја жртва, т.е. личност чија несреќна судбина треба да им послужи на сите отпадници од христијанската вера и иасилници против својот народ.

Една друга трагична личност која, исто така, носи признак на жртва е Динко, пратеникот на Скендербеј кај Балабан, кого што овој, во својата надменост и бес го набива на кол. Иако за темата со Динко, поради нејзината специфичност, не може да се очекува некаков образец кај Хомер, особено не директен, има показатели дека нејзиното нагласено присуство носи хомерска инспирација во темата со Патрокло во *Илијада,* Тоа добро се гледа од споредбата на односот Ахил - Патрокло со Скендербеј - Динко, а уште појасно и од специјалниот третман што Патрокло и Динко го добиваат од страна на Хомер, односо Прличев.

Патрокло е најблискиот човек на Ахил и неговото влегување во бојот претставува посредно, симболично (со преземањето на Ахиловото оружје) учество на Ахил. Динко, во почетокот, до таа мера не му е близок на Скендербеј, но затоа според задачата што ја добива (пратеник на Скендејбеј), е исто така симболична замена за својот господар кај непријателот. Дека оваа паралела (според функцијата) Прличев свесно ја градел, откриваме во неговиот покровителски однос спрема Динко, еднаков на оној на Хомер спрема Патрокло.[2] Имено, Хомер само еднаш непосредно упатува зборови на некој свој лик и тоа се однесува на Патрокло пред неговото тргнување во бој. Прво, му се обрнува директно, во што некои ја гледаат поетовата нескриена симпатија спрема ликот, а потоа ја претскажува неговата скорешна гибел:

„Коњиче Патрокло, ти си му одвратил тешко
стенкајќи...“
(XVI. 20)
Вака безумниот рекол молејќи го, а не знаел дека
За себе тога смрт лоша и судбина црна ќе моли...“
(XVI, 46-7)

Прличев постапува исто спрема Динко: непосредно му се обрнува со „ти“ и веднаш потоа, му ја претскажува блиската смрт“:

Што силно се израдува ти, борче Динко, тогаш...“
(С. 481)
„...а јуначе, што немало да жив издрав се вратиш,
но радосен си умирал и ведар ти за царот...“
(С. 485-6)

Можеби вака поставената паралела изгледа формална, но тука е и една суштествена врска – функцијата што двата лика ја имаат во дејствието. Не само што двата лика се во функција на непосредна замена на главните херои, туку и двајцата загинуваат на својата задача, двајцата се подеднакво трагични како жртви заради својот господар со што во двата случаи (и кај Ахил и кај Скендербеј) доаѓа до решителна акција која веднаш потоа ќе доведе до разрешување, односно до крајот на епот. Навистина, кај Скендербеј немаме таков радикален пресврт во однесувањето спрема непријателот како кај Ахил затоа што делото на Прличев и главниот лик во основа поинаку се конципирани, но и тука се чувствува паралелата во вид на доминантен мотив на борбата  на двата главни херои по сознанието за смртта на нивниот човек, Скендербеј, по смртта на Динко веќе се бори како негов одмаздник (Турците ги гони со колот на кој бил набиен Динко), подеднакво како и Ахил по загинувањето на Патрокло.

Интересно е што парадоксот од паралелата Хектор-Скендербеј се повторува и во случајот Патрокло-Динко. Токму таму, каде што ќе ни се стори дека Прличев најмногу му се приближил на својот хомерски модел, започнува и неговото радикалио разијдување од Хомер. Станува збор за определбата на поимот „жртва“ под кој ги подведовме Патрокло, односно Динко. Значењето на жртвата на овие два лика во контекстот на двете дела нив поскоро ги оддалечува одошто зближува.

Идејата за жртва на блискиот човек на главниот херој има корени во најраните почетоци на светската епика и е заснована на митолошки парадигми. Неа можеме да ја следиме од вавилонскиот еп *Гилгамеш* (односот меѓу Гилгамеш - Енкиду), па преку *Илијада* (Ахил - Патрокло) сè до Вергилиевата *Ајнеида* (Ајнеј-Палинур). Кај Хомер, таа жртва начелно е сместена во рамките на основната тема за (сезонското) враќање на богот (улогата на Ахил), кој отсуствувал определено време, за да потоа повторно се врати меѓу своите, Независно од некои непосредни значења во епот, во основа, Патрокло има ритуална функција на жртва како призивање на богот што треба да се врати[2]. Жртвата на Патрокло навистина го враќа Ахил во бојот.

Динко во *Скендербеј* нема ваква ритуална подлога. Внесувајќи го хомерскиот мотив на жртва во своето дело. Прличев неговото значење го усогласува според општиот христијански контекст, Поточно, Динко го симболизира „гревот“ што Господ го истура пред лицето на завојувачите - носители на насилството против христијанската Справедливост што ги штити справедливите и послабите. Овој лик наедно го претставува и последното искушение

пред дефинитивниот пад на Балабан, водачот на армијата насилници. Балабан го праќа Емин со подароците како мамка или поточно, искушение на храброста на Скендербеј, но одговорот доага во вид на мамка, односно искушение, поставено од бога во ликот на Динко. Пред пркосот на Динко, Балабан не може да го совлада безбожниот нагон кон насилие во себе. Постапува грозно со него и поради тоа конечно е отфрлен од бога. Оние меѓу Турците што во своите срца ќе ја отфрлат безбожната постапка на Балабан, ќе ги спаси самртниот благослов на Динко, зашто:

„Севишниот и севидлив од небото ја сетил
побожната им намера и мошне му било мило,
та решил Господ само нив од смртта да ги спаси...“
(C. 725-7)

Секако дека може да се пронајдат уште некои паралели меѓу ликовите на Хомер и Прличев, т.е. повеќе хомерски елементи кај некои од ликовите. Но, тоа би биле поскоро веројатни хомерски елементи, најмногу заради својот инцидентен карактер. Таквите особености се губат во општиот контекст на паралели од херојската епика на еден поширок план.

[1] Т. Јохалас овде прави уште една произволна паралела изедначувајќи го бранителот Хектор со агресорот Балабан (B. op. cit,. 249)
[2] A. Lord, The Singer… 187, 195.

БИОГРАФИЈА

Витомир Митевски е роден 1951 година во Куманово. Дипломирал философија на Философскиот факултет во Скопје (1975), а магистрирал од истата област на тема „Ниче и хеленската философија“ на Философскиот факултет во Белград (1983). Во 1990 ја одбранил докторската теза за односот меѓу поезијата на Хомер и Прличев.

Автор е на повеќе научни трудови од античката литература и философија. Автор е на книгите: *Хомер и Прличев,* (1995), *Хесиод, Дела и дни, Препев и уводна студија „На исконот на хеленската духовност”*, (1996) *Хераклит* (Монографија, 1997), *Аристотел, Избор,* избор, превод од старогрчки, предговор и преводно образложение, (1998), *Почетоци на западната философија, Претсократовци,* (1999), *Нега на душата,* (2000), *Античка епика Хелада и Рим, Антологија* (2004). Работи како редовен професор по Античка литература (епика, философија и историографија) на Философски факултет во Скопје (Институт за класични студии).